# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

Со Одлука бр. 1702-223/5 од 3 септември 2014 година донесена на 84. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 3 септември 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања (1 извршител) за наставно-научната област *меѓународна економија* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија" и „Утрински весник" на 23 и 24 август 2014 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Емилија Митева-Кацарски.

Пријавата внимателно ја разгледавме и утврдивме дека кандидатката **д-р Емилија Митева-Кацарски**, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет ги има доставено следниве документи: 1.Пријава; 2. Диплома за стекнат степен доктор на економски науки, област меѓународна економија (четири копии заверени кај нотар); 3. Диплома за стекнат степен магистер на економски науки, област меѓународна економија; 4. Диплома за стекнат стручен назив дипломиран економист на студиската програма Меѓународна економија; 5. Уверение за положени испити на прв и втор циклус студии 6. Кратка биографија (CV) (четири примероци); 7. Список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите); 8. Потврда за странски јазик (еден примерок); 9. Препорака од двајца професори (вонреден/редовен); 10. Еден примерок од магистерски и докторски труд; 11. Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно - научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Емилија Митева-Кацарски** е родена на 8 септември 1982 година во Струмица. Со одличен успех го завршува основното и средното образование во Струмица. Во 2005 година дипломира на Економски факултет во Прилеп, на насоката Меѓународна економија, со просечен успех од 9,29 и се стекнува со право на стручен назив дипломиран економист. Во академската 2006/2007 година се запишува на постдипломски студии на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насоката Меѓународна економија, при што предвидените испити ги положува со просечна оценка 9,85. Магистрира на 19 ноември 2009 година, одбранувајќи го со успех магистерскиот труд со наслов ***„Каузалната поврзаност на трговијата и процесот на економска глобализација"*** и се стекнува со академско звање **магистер на економски науки од областа меѓународната економија.** На мај 2011 година пријавува докторска теза на Економскиот институт во Скопје, под менторство на проф.д-р Силвана Мојсовска. Докторира на 3 јули 2014 година, кога со успех ја одбранува тезата со наслов ***„Влијанието на нецаринскиот протекционизам врз глобалните трговски текови"***, со што се стекнува со академско звање **доктор на економски науки.**

Работела како практикант во Стопанска банка. Добро го познава и користи англискиот јазик и поседува вештини за работа и користење на сите неопходни компјутерски програми, како што се: Ms Office; Word, Excel, Power Point и слично.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатката за избор во звање доцент***

1. Доктор на науки од областа на меѓународната економија;
2. Остварен просечен успех од 9,29 на прв циклус студии и просечен успех од 9,85 на втор циклус студии;
3. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија (р.бр. 3) или меѓународни научни публикации (р.бр. 1,2,4):

| Р.бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание/ Публикација | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | M.Sc. Emilija Miteva-Kacarski, M.Sc. Kostadinka Cabuleva | "Knowledge based economy – global trends and implications" | Conference Proceedings: Fourth International Scientific Conference: „The Science and the Social Development", European University, ISBN 978-608-4574-62-0, 86-96 | публикација |
| 2 | Emilija Miteva Kacarski | The Non-tariff Barriers in the Developed Countries (The Case of USA, EU and Japan) | Bahauddin Zakariya University Sub-Campus Layyah, Pakistan,Applied Sciences and Business Economics Journal http://www.bzujournal.org/archives/volume-1-issue-2 | публикација |
| 3 | M.Sc. Kostadinka Cabuleva, M.Sc. Emilija Miteva-Kacarski, M.Sc. Marina Radosavlajevik-Bojceva | Analysis of the labor market in the Republic of Macedonia according to the level of education" | The European Journal of Business and Economics http://ojs.journals.cz/index.php/EJBE/issue/view/51 | 5 |
| 4 | Emilija Miteva-Kacarski, Kostadinka Cabuleva | Non – tariff protectionism under conditions of global economic crisis | Conference Proceedings: International scientific conference "Changes in global society", European University, 301-308 | публикација |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

На 2 јули 2007 година Емилија Митева-Кацарски е избрана за соработник (помлад асистент) на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип во наставно-научната област меѓународна економија. Потоа, во 2010 година, е избрана за соработник (асистент) на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, во наставно-научната област меѓународна економија. Во јуни 2013 година повторно е избрана за соработник (асистент) на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев"- Штип, во наставно-научната област меѓународна економија. За време на трите изборни периоди, кандидатката има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност преку одржување на вежби, објавување на научни и стручни трудови, стручни монографии, учество на меѓународни конференции, како и изработка на скрипта и практикум.

Кандидатката **д-р Емилија Митева-Кацарски** и денес работи на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Во периодот откако е избрана за помлад асистент, а потоа и за асистент на Економски факултет во Штип, д-р Емилија Митева-Кацарски успешно реализирала вежби по следниве предметни дисциплини: Меѓународна економија, Финансиско сметководство, Основи на економија, Макроекономија, Меѓународен монетарен и трговски систем, Меѓународни сметководствени стандарди, Надворешна трговија, Биланс на плаќање, Стратегии на

меѓународни економски односи, Монетарна економија, Девизен систем и девизно работење, Надворешно трговско работење, Девизна политика, Царинска политика.

Предметните дисциплини се содржани во студиските програми на Економски факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика во наставните центри: Штип, Струмица, Скопје, Кочани и во Радовиш.

Интересот на кандидатката д-р Емилија Митева-Кацарски во меѓународната економија ја води кон изработка на магистерскиот труд „*Каузалната поврзаност на трговијата и процесот на економска глобализација*", кој го одбранува во ноември 2009 година. Својот научен интерес во оваа област го продлабочува со изработката и одбраната на докторската дисертација со наслов „*Влијанието на нецаринскиот протекционизам врз глобалните трговски текови*" во јули 2014 година.

***Докторска дисертација:***

1. Емилија Митева-Кацарски: *Влијанието на нецаринскиот протекционизам врз глобалните трговски текови*, докторска дисертација, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, Економски институт, 2014

Во докторската дисертација кандидатката обработува исклучително интересна и актуелна проблематика од областа на надворешната трговија. Појдовна основа на истражувањето е дека експанзијата на нецаринските бариери, што е особено карактеристична за современиот трговски систем, повлекува нарушување на глобалните трговски текови и на конкуренцијата на глобалниот пазар. Во современата меѓународна трговија се регистрирани повеќе од 2.000 различни видови нецарински бариери кои опфаќаат широк спектар на технички, административни и други нецарински мерки, што јасно зборува во прилог на важноста на избраната тема за истражување. Докторската дисертација нуди теориско елаборирање на поимањето на нецариските бариери, а потоа детално ги разработува бариерите што во практика најмногу се користат од страна на развиените земји и земјите во развој, во насока на идентификување на ефектите од нивната примена. Тоа е направено преку опсежна анализа на бројни релевантни студии, извештаи и индикатори на веродостојни институции кои ја анализираат фреквентноста и ефектите на нецаринските бариери и во комбинација со истражувањата на кандидатката обезбедуваат детален и систематизиран приказ на нецаринскиот протекционизам, што се издвојува како посебен квалитет на трудот. Основното сознание од трудот е дека нецаринските бариери повлекуваат многу штетни ефекти за современата меѓународна трговија, при што посебно се погодени земјите во развој, што е проследено со длабинска дискусија и релевантни размислувања на кандидатката за ревидирање на мултилатералниот систем во рамките на СТО во насока на порестриктивна и строго регулирана употреба на нецаринските бариери во современата економија.

***Магистерски труд:***

2. Емилија Митева-Кацарски: *Каузалната поврзаност на трговијата и процесот на економска глобализација*, магистерски труд, Универзитет „Св.Кирил и Методиј" Скопје, Економски институт, 2009

Процесот на се поголема меѓузависност којшто денес се нарекува глобализација е мултидимензионален и комплексен феномен кој што сублимира интензивни политички, социјални и економски интеракции како на национално така и наднационално ниво. Меѓународната трговија е интегрален дел од процесот на глобализација. Размената на добра и услуги е основната причина поради која економските субјекти воспоставуваат економски односи едни со други и стануваат дел од локална или национална економска заедница. Како што размената ги преминува државните граници, националните економски системи стануваат дел од регионална, континентална или светска економија. Низ многу години, владите од повеќе земји засилено ги отвораат нивните граници за меѓународно тргување преку мултилатералниот трговски систем како и преку зголемената регионална соработка.

Предмет на истражување во магистерскиот труд е улогата на трговијата во денешниот свет кој се карактеризира со зголемена поврзаност и економска зависност меѓу народите

како и анализа на импликациите на трговијата во глобализираниот свет и нејзините перспективи за развој.

Истражувањето се базира на согледување на перспективите за развој на трговијата во глобализираниот свет правејќи една историска ретроспектива на трговските текови уште од првата ера на глобализација па сè до денес, како и утврдување на тоа дали традиционалните аргументи кои ја поддржуваат слободната трговија се уште валидни во денешно време. Она што заслужува посебно внимание во трудот претставува давањето одговор на прашањето дали трговската отвореност предизвикува економски раст, како и утврдување на тоа како најосетливите групи во општеството се погодени од трговската либерализација.

За потребите на наставата на Економскиот факултет, д-р Емилија Митева-Кацарски има издадено рецензирана скрипта и рецензиран практикум.

***Рецензирана скрипта:***

3. Емилија Митева-Кацарски – *Нецарински протекционизам (скрипта)*, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев”, Штип, 2014

Во скриптата, авторката прави обид да ги идентификува различните видови нецарински бариери кои денес се најважниот регулативен инструмент на трговската политика на многу земји, посебно на големите и развиени економии, како и да ги квантифицира нивните економски и трговски ефекти. За потребите на истражувањето, авторката ја користи поделбата на нецаринските бариери на традиционални нецарински бариери, технички нецарински бариери и административни (процедурални) нецарински бариери, со што обезбедува детален увид во поимот и карактеристиките на секоја група. Преку анализа на различните рунди на мултилатерални трговски преговори, направена е историска ретроспектива на регулирањето на нецаринските бариери. Анализирани се различните ефекти од нецаринските бариери, при што авторката посебен акцент става на нивното влијание врз цените и глобалните трговски текови, кои се особено чувствителни на нивното влијание. Анализирано е и влијанието на нецаринскиот протекционизам врз трговските текови во услови на глобална економска криза преку систематска анализа на глобалните трендови на новиот трговски протекционизам кои доведуваат до контракција на глобалната трговија и се закана за заздравувањето на економијата во период на криза.

***Рецензиран практикум:***

4. Емилија Митева-Кацарски – *Нецарински протекционизам (практикум)*, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев”, Штип, 2014

Ова учебно помагало содржи практична анализа на нецаринските политики и практики присутни во трговијата на релација развиени-развиени земји, развиени земји-земји во развој и земји во развој-земји во развој. Во анализата, авторката ги вклучува нецаринските политики и практики во Јапонија, ЕУ и САД, посебно од аспект на значајните нецарински бариери и разликите во регулативата меѓу овие земји. Освен трговските политики, авторот ги анализира и покренатите трговските прашања како и нивниот статус против земјите кои се предмет на анализа. Анализата на нецаринските бариери во земјите во развој од страна на авторката е систематизирана по континенти, при што податоците се агрегирани по региони – Азија и Пацификот, Америка и Карибите, како и Африка и Средниот Исток. Ваквиот пристап обезбедува слика за влијанието на нецаринските бариери врз конкурентноста на овие региони, како и за потенцијалите во однос на регионализацијата на трговијата.

Кандидатката **д-р Емилија Митева-Кацарски** достави список на **објавени научни и стручни трудови**, како и примероци од нив, од кои се согледува реализираната научна активност.

***Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание (останати):***

M.Sc. Kostadinka Cabuleva, M.Sc. Emilija Miteva-Kacarski, M.Sc. Marina Radosavlajevik-Bojceva (2013): ANALYSIS OF THE LABOUR MARKET IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA ACCORDING TO THE LEVEL OF EDUCATION, European Journal of Business and Economics, Vol.8, No 4, ISSN 1804-9699 http://ojs.journals.cz/index.php/EJBE/issue/view/51

Во овој труд, авторите прават обид да креираат аналитичка рамка за застапеноста на образовните профили на пазарот на труд во РМ. Податоците содржани во анализата укажуваат на фактот дека од вкупниот број на вработени, според образование, од 2001 до 2012 година, најголем процент на вработени се со средно образование (3 и 4 години средно образование) и тоа процентуалното учество во 2001 година изнесува 49,6% додека во 2012 година тој процент се зголемува на 53,6%. Втората позиција ја заземат вработените со основно образование (25,42% во 2001 година), но таа стапка на вработеност од година на година се намалува, при што во 2012 година изнесува 18,53%. Вработените со високото образование ја заземаат третата позиција, при што во 2001 година процентуалното учество на вработени со високо образование изнесуваше 10,53% додека во 2012 година 21,06%. Ваквиот тренд според авторите се должи на дисперзираните студии низ голем број градови во Република Македонија што доведе до зголемување на бројот на дипломирани студенти. Имајќи ја предвид ваквата анализа, според авторите, јавните образовни установи се исправени пред предизвикот да ја променат својата досегашна поставеност и да развијат нова структурна промена и организациска поставеност, која ќе биде компатибилна со сеопштите промени на пазарот на труд.

***Прегледен труд (останати):***

5. Помлад асистент м-р Емилија Митева: Трговските текови во глобализираниот свет, Годишен зборник 2010, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, ISSN 1857-76-28, стр. 133-142

Предмет на истражување во овој труд се обемот и правците на светската трговија, почнувајќи од првата ера на глобализација па сè до денес. Меѓународните трговски текови во трудот, во периодот до Втората светска војна се сегментирани во два периоди и тоа: периодот до 1913 година и меѓувоениот период односно периодот меѓу двете светски војни. Од презентираните податоци во трудот се извлекува сознание дека периодот до 1913 година се одликува со значајна интензивираност на трговските текови во светската трговска мрежа како по обем така и по структура, додека меѓувоениот период се карактеризира со драстичен пад во обемот и дисперзираноста на меѓународната трговија и тоа како резултат на Големата депресија. Периодот по Втората светска војна се карактеризира со значително нормализирање и експанзија на трговските текови, но тој експанзивен раст доаѓа до својот крај по 1973 година како резултат на нафтените кризи. Светската трговија во 90-тите години на минатиот век, пак, се одликува со забрзана економска интеграција, како и заокружување на институционалната рамка за регулирање на трговијата преку формирањето на Светската трговска организација. Специфично обележје на трендовите на трговијата во 21 век, според авторот, претставува глобалната економска криза која во 2008 година го зафати речиси целиот свет и предизвика енормен колапс на светската трговија.

6. Помлад асистент м-р Емилија Митева: Европска централна банка, Годишен зборник 2010, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, ISSN 1857-76-28, стр. 143-152

Европската централна банка е една од светски најзначајните централни банки, одговорна за монетарната политика на земјите членки на евро зоната. Европската централна банка претставува независна институција која поседува политичка и финансиска самостојност и која функционира согласно правилата кои се пропишани во Статутот на Европската централна банка и Мастришкиот договор. Банката остварува завидни резултати, успевајќи заедничката европска валута, еврото, да ја претвори во кредибилна светска валута, која и помогна на банката кога е во прашање основната каматна стапка и да и остави простор да се соочи со ситуацијата која некои аналитичари ја нарекуваат „првата економска криза во 21 век".

Овој труд посебно внимание посветува на мерките што Европската централна банка ги презема во справувањето со глобалната финансиска криза. Најзначајни инструменти кои што ги применува Европската централна банка во борбата против глобалната финансиска криза, според анализите на авторот се: намалувањето на каматните стапки во повеќе наврати како и примената на пакетот нестандардни мерки кои што се однесуваат на

зголемување на ликвидноста на банките преку приспособување на регуларните операции на рефинансирање, преку тековно дејствување како сурогат на пазарот како и преку проширување на долгата листа на имоти кои што се сметаат како колатерал. На тој начин, според авторот, Европската централна банка е една од ретките банки која што успева со примена на адекватни мерки да се справи со глобалната финансиска криза.

***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир:***

7. M.Sc. Emilija Miteva-Kacarski, M.Sc. Kostadinka Cabuleva (2014), Knowledge based economy – global trends and implications, Conference Proceedings: Fourth International Scientific Conference: „The Science and the Social Development“, European University, ISBN 978-608-4574-62-0, 86-96

Авторите во овој труд ја анализираат причинско-последичната врска меѓу глобализацијата и економијата базирана на знаење и нагласуваат дека при соочувањето со новите предизвици поставени од страна на глобализацијата и економијата базирана на знаење, сите земји, големи или мали, мора да ги спроведат најсоодветните стратегии се со цел да не останат надвор од игра, или уште полошо, да загубат. Од особено големо значење според авторите, е начинот на правилно формулирање на иновациските политики, имајќи го предвид фактот дека иновацијата е клучна компонента на конкурентските стратегии на земјите. Од друга страна, пак, авторите во трудот нагласуваат дека способноста за чување, споделување и анализа на знаењето преку примена на информатичките технологии им овозможува на фирмите максимално да ги искористат уникатните својства на знаењето како предуслов за стекнување на конкурентска предност.

Emilija Miteva-Kacarski (2014), The Non-tariff Barriers in the Developed Countries (The Case of USA, EU and Japan), Applied Sciences and Business Economics Journal, Bahauddin Zakariya University Sub-Campus Layyah, Pakistan, Volume 1-Issue 2, ISSN:2312-9832 http://www.bzujournal.org/archives/volume-1-issue-2

Во овој труд, авторот ги анализира нецаринските бариери кои се присутни во размената меѓу развиените земји САД, ЕУ и Јапонија од аспект на покренатите трговски прашања. Авторот укажува на три важни заклучоци од направената анализа кои се движат во насока на тоа дека постојат повеќе поднесени жалби во врска со трговските бариери отколку што има решено, против САД се поднесени повеќе трговски жалби отколку што се поднесени заедно против останатите две земји, ЕУ и Јапонија и дека фреквентноста на поднесените трговски жалби не мора да биде точен показател за вистинските трговски ограничувања. Основното сознание од трудот е дека нови трговски проблеми во врска со нецаринските бариери се јавуваат побрзо отколку што се решаваат старите, додека постојат малку докази дека двата основни инструменти за нивното решавање т.е. билатералните преговори и центарот за решавање на споровите во рамките на СТО, се ефикасни. Поради тоа, според авторот отворените пазари и модифицираните правила во рамките на СТО имаат клучна улога во модерирањето на нарушувањата предизвикани од нецаринските бариери.

8. M.Sc. Emilija Miteva-Kacarski, M.Sc. Kostadinka Cabuleva (2013), THE EFFECTS OF REGIONAL TRADE EXCHANGE WITHIN THE FRAMEWORK OF CEFTA 2006, Conference Proceedings: International scientific conference “Regional economic cooperation in the process of globalization”, State University of Tetovo, ISBN 978-608-217-014-5

Во овој труд авторите ги анализираат економските ефекти од регионалниот трговски договор ЦЕФТА 2006 кој воведе нова ера во трговската размена и економската соработка меѓу земјите од регионот, од неизмерна важност. Сепак, според авторите многу можности поставени пред земјите-членки остануваат неискористени. Спектар на бариери, почнувајќи од високи царини до невидливи трговски бариери отелотворени во различна документација, го отежнуваат процесот на размена меѓу земјите. Клучното прашање кое авторите го поставуваат во трудот е: Дали земјите од регионот Југоисточна Европа и ЕУ научија доволно? Поточно, дали нивните досегашни искуства се доволни во насока на обезбедување континуирана соработка која ќе генерира позитивни резултати наспроти

сите предизвици со кои се соочува регионот? Во таа насока, според авторите ЕУ мора да обезбеди реални бенефиции за земјите, ако истите продолжат да веруваат дека Европската перспектива е нешто кон кое вреди да се стремат и работат - дури и на подолг рок. Од друга страна пак, според авторите, предизвик за земјите од регионот е да го земат она што им се нуди и да го стават во функција.

9. Emilija Miteva-Kacarski, Kostadinka Cabuleva (2013), Non – tariff protectionism under conditions of global economic crisis, Conference Proceedings: International scientific conference “Changes in global society”, European University, 301-308

Во овој труд авторите го актуализираат прашањето на нецаринскиот протекционизам кое со интензивирањето на кризата во септември 2008 година почна да добива значително внимание, одразувајќи го зголемениот притисок на протекционизмот во светот. Притоа, авторите ја нагласуваат загриженоста на СТО, за наложеното локално купување/инвестирање/позајмување/вработување во рамките на фискалните стимулации и финансиските програми за поддршка во 2009 година, кои поради нивниот националистички апел станаа мета на одмазда. Според авторите стравувањата од зголемување на протекционизмот дојдоа во незгодно време за светската економија, кога глобалните трговски текови беа значително ослабени кон крајот на 2008 година, а светската трговија се соочуваше со сериозен пад на светската побарувачка, при што трговијата сама по себе придонесе за прелевање на кризата преку границите и нејзино трансформирање во вистински глобален феномен. Авторите во трудот нагласуваат дека оживувањето на трговскиот протекционизам значително го наруши обновувањето на светската економија.

10. M.Sc. Emilija Miteva-Kacarski, CEFTA 2006, Effects, challenges and opportunities, International scientific conference “Тенденции и предизвикателства в развитието на икономиката” University of Economics – Varna, 2012, ISBN 978-954-21-0600-5, pp. 359-366

Предмет на анализа во овој труд е договорот за слободна трговија ЦЕФТА 2006. Во услови кога сите земји се стремат за побрза интеграција во Европската унија, притоа користејќи ги сите расположливи потенцијали за забрзан економски раст, процесот на интеграција на постоечките билатерални трговски договори во регионален трговски договор, според авторот беше логичен чекор. Според авторот, договорот ЦЕФТА 2006 како сеопфатен договор за слободна трговија меѓу земјите од Југоисточна Европа, кој обединува 32 билатерални трговски договори, претставува нова можност за унапредување на регионалната трговска соработка која не треба да се занемари. Имајќи ја предвид глобалната економска криза, целосното имплементирање на мултилатералниот трговски договор на Балканот, според авторот може да биде од клучно значење посебно за малите економии.

11. Olivera Gorgieva-Trajkovska, assoc.prof.PhD, Emilija Miteva-Kacarski, M.Sc.: Implementation of international financial reporting standards (IFRS) and their impact on economic growth, Академично издателство „Ценов”, 2011, ISBN 978-954-23-0678 (т.2), pp. 53-60

Во овој труд, авторите ги анализираат меѓународните стандарди за финансиско известување, нивното имплементирање и влијание врз економскиот раст. Потребата од ваквата анализа особено беше актуелизирана во услови на глобалната економска криза која сигнализираше голем број учесници на финансискиот пазар да го преиспитаат нивното управување, практики и стандарди. Притоа, акцентот е поставен на ефективното финансиско известување, кое според авторите во голема мера е детерминирано од квалитетот на сметководствените стандарди, како и од примената на истите. Поради глобалната природа на финансиските пазари, според авторите многу е важно да се постигне висок квалитет на глобалните стандарди за финансиско известување кои би обезбедиле доследни, транспарентни и релевантни информации без оглед на географската локација на деловниот ентитет. Преку имплементирање на овие стандарди, според авторите, компаниите би биле во можност да ги споредат финансиските резултати во различни земји, додека пак инвеститорите би истражувале дополнителни меѓународни можности.

12. Emilija G. Miteva-Kacarski *M.Sc.* Olivera B.Gorgieva_Trajkovska assoc.prof.PhD: Benefits of trade facilitation as a simpler procedure for world trade growth, Академично издателство "Ценов", 2011, ISBN 978-954-23-0679-5 (т.3), pp. 188-193

Авторите во овој труд анализираат различни аспекти на олеснувањето на трговијата како процес на поедноставување и хармонизирање на меѓународните трговски процедури. Олеснувањето на трговијата како концепт, според авторите е насочено кон намалување на комплексноста и трошоците на трговските процедури. Придобивките од олеснувањето на трговијата за бизнис заедницата, според авторите се манифестирани преку зголемена конкурентност на националните и меѓународните пазари како резултат на намалените одложувања и трошоци постигнати преку предвидливо и ефикасно движење на стоките преку граница. Според авторите, развојната димензија на олеснувањето на трговијата е од круцијално значење, посебно за земјите во развој, кои се соочени со комплицирани трговски процедури и во голема мера зависни од ефективната наплата на царинските приходи.

13. PhD Risto Fotov, MsC Emilija Miteva: The causes and consequences of global crisis, International scientific conference „Световната криза и икономичиското развитие" University of Economics – Varna, 2010, ISBN 978-954-21-0489-6, pp. 126-134

Предмет на истражување во овој труд се негативните ефекти од кризата во различни сфери. Во сферата на финансиите дојде до кумулирање на огромни загуби, врз разни основи кај банките, до пропаѓање на големи банки, до запирање на кредитирањето и практично до целосна дестабилизација на финансиските системи на високоразвиените земји. Врз основа на презентираните анализи, авторите доаѓаат до заклучно согледување дека неодамнешното искуство на распространетост на финансиската криза и зафаќање на целокупната светска економија, треба да биде доволна причина да се преиспита улогата на државната интервенција и нејзиното влијание врз пазарот како на национално така и на меѓународно ниво. Една од причините за сегашната состојба во светската економија според авторите, е краткорочноста во системот на глобално економско управување, а особено недостигот на кохерентност помеѓу меѓународниот трговски систем кој е управуван со меѓународно дефинирани правила и регулативи и меѓународниот монетарен систем, кој не е.

14. Ристо Фотов, Емилија Митева: Меѓународната трговија како импулс за економски раст, Зборник 2010, Економски факултет - Прилеп.

Меѓународната трговија меѓу различни земји не е нов концепт. Историјата укажува на случаи на меѓународна размена кои датираат уште од далечното минато. Придобивките од меѓународната трговија се еден од основните двигатели на економскиот раст, посебно во втората половина на 20 век. Земјите со развиена меѓународна трговија се многу просперитетни и имаат моќ да ја контролираат светската економија.

Токму, предмет на истражување во овој труд се начините преку кои меѓународната трговија и инвестиции можат да придонесат за зголемен економски раст и тоа: либерализираната трговија и подобрената економска благосостојба како резултат на редуцираните трговски бариери, искористувањето на компаративните предности и зголемувањето на вкупната факторска продуктивност.

Слободната трговија како резултат на намалувањето на царините, регулативите и ограничувањата и овозможува на економиите подобра алокација на ресурсите, но тоа само по себе не подразбира и повисока стапка на економски раст. Ефектите од слободната размена се манифестираат првенствено врз нивото на аутпутот отколку директно врз долгорочната стапка на економски раст. Но, и покрај фактот што меѓународната трговија е движечка сила на светската економија, авторите доаѓаат до констатацијата дека истата претставува и еден од главните механизми за ширење на негативните импликации во услови на глобална економска криза.

15. Assoc. Prof. Risto Fotov, ass. Emilija Miteva: Economic freedom as a development resource, Академично издателство "Ценов", 2008, ISBN 978-954-23-0399-2 (т.1), pp. 141-147

Овој труд ја истражува клучната улога на степенот на економската слобода во економскиот развој на секоја земја, притоа правејќи компаративна паралела меѓу земјите кои се карактеризираат со висок степен на економска слобода и земјите кои имаат доста ниско ниво на економска слобода. Посебно значаен индикатор со кој се мери степенот на економска слобода е Индексот на економска слобода како показател со кој се оценува и мери наклонетоста кон слободниот пазарен капитализам на земјите во светот и Европа. Имајќи го предвид рангирањето на земјите во светот согласно со Индексот на економска слобода, овој труд посебно внимание посветува на Естонија како една од најдинамичните економии, која со либерализираната трговија и поволната инвестициска клима е рангирана на 12-то место од вкупно 162 земји. Понатаму, овој труд во анализата ги опфаќа и Словенија, како развиена земја од Балканскиот регион која во 2008 година се карактеризира со 60,6% економска слобода, како и Република Македонија која согласно Индексот на економска слобода 2008 година е 71. земја во светот од вкупно 183 земји. Резултатите од истражувањето во овој труд упатуваат на констатацијата дека земјите со повисок степен на економска слобода остваруваат повисоки стапки на економски раст во споредба со земјите со низок степен на економска слобода.

***Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови (Годишен зборник на Економски факултет-УГД):***

16. М-р Емилија Митева-Кацарски, м-р Костадинка Чабулева, Влијанието на договорот за „доброволно" ограничување на извозот врз глобалните трговски текови, Годишен зборник на Економски факултет, 2013, ISSN 1857-7628, стр. 63-70.

Во овој труд се развива теоретска рамка за ефектите на доброволното ограничување на извозот како нецаринска бариера. Анализирани се различните ограничувања на извозот на автомобили меѓу Британија и Јапонија за периодот 1973-1999. Резултатите од анализата укажуваат на фактот дека доброволните извозни ограничувања не резултираа со успех во поглед на висината на добивката остварена од страна на автомобилските компании, која не беше доволна за компензирање на загубата на потрошувачите. Завршувањето на договорот за „доброволно" ограничување на јапонскиот извоз во 1999 година не доведува до значителна експанзија на пазарниот удел на јапонските производители во Британија, а за тоа сведочи фактот што нивниот пазарен удел во 1999 година изнесувал 11.5%, додека во 2009 година изнесувал 14.3%. Ефектот на доброволното ограничување на извозот од страна на јапонските производители, според анализата во трудот беше компензирање на намалената продажба преку подобрување на квалитетот на производите и остварување поголем профит.

17. М-р Костадинка Чабулева, м-р Емилија Митева-Кацарски, м-р Марина Радосављевиќ-Бојчева: WESTERN BALKANS TARIFF SYSTEMS ON NON-AGRICULTURAL PRODUCTS, Годишен зборник на Економски факултет, 2013, ISSN 1857-7628, стр. 71-82.

Во овој труд се анализираат карактеристиките на царинските системи за неземјоделски производи на земјите од Западен Балкан (со исклучок на Косово) и ЕУ, кои влијаат врз трговијата. Од анализираните царински профили на земјите од Западен Балкан може да се види дека хемикалиите имаат најниска просечна царинска стапка при увоз и доминираат во увозната структура на анализираните земји. Анализата на царинскиот систем на РМ за 2011 година укажува дека постои највисока царина при увоз на нафта во споредба со другите земји од Западен Балкан, што е последица на договорот со стратешкиот инвеститор во рафинеријата ОКТА. Истражувањето во трудот упатува на констатацијата дека, и покрај фактот што Србија и Црна Гора не се членки на СТО, нивните просечни царински стапки при увоз на различни производи, како на пример хемикалиите, се движат во истите рамки како и на другите земји членки на СТО.

18. М-р Емилија Митева-Кацарски, м-р Влатко Пачешкоски, Нецаринскиот протекционизам во регионот Југоисточна Европа, Годишен зборник на Економски факултет, 2012, ISSN 1857-7628, стр. 19-27.

Истражувањето во овој труд се базира на Мултилатералната рамка за следење на ОЕЦД која го мери нивото на хармонизација на техничките регулативи, стандарди, санитарни и фитосанитарни мерки и административни процедури во секоја земја потписничка на ЦЕФТА 2006 во однос на ЕУ. Главната препорака за земјите-членки на ЦЕФТА во доменот на трговските бариери во трговијата, според анализата во трудот, е да ги идентификуваат секторите во кои нивото на хармонизација е слично (земајќи ја предвид трговската размена на релација ЦЕФТА-ЕУ и интра-ЦЕФТА размената) со цел да се обучат за тоа како да се преговара и да се потпише Договорот за оценка на сообразноста и прифаќање на индустриски производи (Agreements on Conformity Assessment and Acceptance of industrial products). Во доменот на санитарните и фитосанитарните мерки неопходно е да се идентификуваат најважните производи за регионална трговија со цел да се забрза процесот на хармонизација на санитарните и фитосанитарните мерки и врз основа на тоа да се овозможи заемно признавање на сертификатите. Во насока на избегнување на административните бариери во трговијата земјите-членки на ЦЕФТА, според авторите, треба да ја зголемат транспарентноста преку редовно разменување на информации на официјалниот веб-сајт на ЦЕФТА за олеснување на трговијата.

19. М-р Влатко Пачешкоски, м-р Емилија Митева-Кацарски, Процесот на економска глобализација во светската економија низ призмата на виртуализацијата и транснационализацијата, Годишен зборник на Економски факултет, 2011, ISSN 1857-76-28, стр. 219-229.

Во овој труд се разгледуваат и анализираат некои одбрани факти, аспекти и конкретни прашања кои ги сочинуваат битните економски аспекти на процесот на глобализација, како еден од најактуелните феномени денес во светската економија. Во тој контекст, опфатот на анализата на авторите е насочен кон допирање до суштината на економската глобализација, СДИ и виртуализацијата како генератори, катализатори и двигатели на овој процес и транснационализацијата како нејзин составен сегмент. Имајќи го предвид предметот на истражувањето, овој труд за овој процес т.н глобализација, е имплементирана делумна анализа, но не и сеопфатна за целокупната приказна за наведениот феномен, кој според многу автори претставува наводна увертира во т.н. „нов светски поредок“. Во трудот, анализирани се одредени основни манифестации на економската глобализација, кои се крајно противречни, посебно заради фактот што само делумно ја претвораат светската економија во целокупен систем и што влијаат врз зголемувањето на развојните, економските, општествените и другите диспропорции.

20. М-р Емилија Митева-Кацарски, м-р Влатко Пачешкоски, Анализа на ефектите на увозните квоти, Годишен зборник на Економски факултет, 2011, ISSN 1857-76-28, стр. 231-238.

Предмет на анализа во овој труд се ефектите на увозните квоти како едни од најефикасните нецарински бариери од причина што релативно брзо после воведувањето ги даваат посакуваните резултати и вршат рестрикција на трговијата во предвидениот обем, па затоа доста често се користат во случај на значајни платно билансни нарушувања со цел да се постигне екстерна рамнотежа. Во случајот со увозните квоти за шеќер во САД, според авторите согласно со резултатите од анализата, нема причина зошто САД мора да произведуваат сопствена шеќерна трска. Шеќерот е поевтин во Канада, бидејќи Канада речиси нема многу производители на шеќер и оттука не поставува трговски ограничувања или владини програми за поддршка. Според резултатите од анализата, секое зачувано работно место во индустријата за шеќер преку помагање на домашните производители резултира со загуба на три работни места, поради фактот што многу компании ги реалоцираат нивните производствени капацитети во Канада и Мексико, каде што цените на шеќерот се половина или две-третини од цената на шеќерот во САД.

21. Помлад асистент Емилија Митева: Технолошки развој на малите и средните претпријатија во РМ преку програми за соработка со странски партнери, Годишен зборник 2009, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, стр. 288-297

Истражувањето во овој труд укажува на неопходноста од продлабочување и засилување на соработката со странските партнери, преземање на низа законски и економски мерки како што се законска и друга поддршка на лизингот, лиценците, франшизингот како форми на трансфер на технологија и инструменти за финансирање на малите и средните претпријатија како и промоција на програми и проекти за приближување кон европските стандарди, создавање на институционална инфраструктура за промоција на претприемништвото и конкурентноста како и создавање на поволно деловно опкружување за непречен развој на претприемништвото. Според авторот, во услови на недоволна стопанска развиеност и оскудност со развојни фактори, особено оскудност со инвестиции, каков што е случајот со Република Македонија, технолошкиот развој е мошне ограничен. Економското преструктуирање на стопанството создаде многу мали и нови претпријатија на кои им е нужна помош и разни видови поддршка во нивното работење од релевантни институции, а пред се во создавање на поволен деловен амбиент за стопанисување без пречки. Крајната констатација од истражувањето е дека Република Македонија мора да продолжи со активностите за поддршка на малите и средни претпријатија и во наредниот период. Основната цел на таа поддршка, според авторот, мора да биде подготовка на малите и средните претпријатија да бидат поконкурентни и поспремни за влегување во Европската унија.

22. Помлад асистент Емилија Митева: Улогата на Светската банка во светската економија, Годишен зборник 2009, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, стр. 309-320

Трудот се фокусира на согледување на улогата на Светска банка како светски надмоќна организација и како еден од најголемите светски извори за финансирање на земјите во развој, чија главна цел е преку употреба на своите финансиски ресурси и огромно искуство да им помогне на сиромашните земји. Во денешниот свет кој воедно е многу богат но и многу сиромашен, според авторот, предизвикот за намалување на сиромаштијата е доста голем. Светската банка работи на премостување на овие разлики и тоа преку помагање на владите на земјите-членки во нивните напори да инвестираат во образованието и здравствените центри, да обезбедат вода и електрична енергија, како и напорите во борбата против болестите ХИВ/СИДА и маларија, заштита на животната средина и обезбедување на пристоен животен стандард. Истражувањето во трудот укажува на фактот дека финансиската помош од Светска банка за Република Македонија овозможи реализирање на низа активности и одржување на меѓународната ликвидност на земјата. Потенцирани се остварените значајни реформи во правец на постигнување макроекономска стабилност, одржување на стабилен девизен курс, намалување на буџетскиот дефицит, изградба на модерно законодавно-правна рамка, унапредување на приватниот сектор, конституирање на систем на социјална заштита, креирање на ефикасна банкарска регулатива, како и завршување на процесот на приватизација.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Емилија Митева-Кацарски има учествувано во изработката на Економско-финансиски лексикон во издание на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Исто така, има објавено две стручни монографии:

23. Проф. д-р Ристо Фотов, проф. д-р Толе Белчев, м-р Катерина Фотова, м-р Емилија Митева-Кацарски, м-р Елена Веселинова: ***Економско-финансиски лексикон,*** Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2013.

Овој труд претставува проектен зафат за изработка на Лексикон на економски поими и изрази, кој е плод на долгогодишниот ангажман на авторите.

Авторите решиле овој проект да го понудат, пред сѐ, за проширување на знаењата на студентите од економските факултети но не само за нив туку и за сите кои ќе покажат интерес да се потсетат или да научат нешто повеќе за економско финансиските поими, термини и изрази. Авторите ја исполниле својата цел т.е. за бројните економските и финансиските поими, изрази и термини имаат дадено кратки, јасни и точни толкувања и ги

имаат објаснето на што е можно по разбирлив начин, притоа користејќи нивни превод на англиски, германски, француски и руски јазик.

***Стручни монографии (во земјата):***

24. М-р Емилија Митева, м-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска: Маркетинг истражување преку интернет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2010, ISBN 978-608-4504-21-4

Авторите во овој труд го анализираат интернетот како комуникациски медиум. Бидејќи интернетот во последно време станува сè поинтересен медиум за огласување, нагласуваат авторите, сите оние кои планираат рекламирање на интернет треба јасно да ја дефинираат нивната интернет маркетинг стратегија, сè со цел интернет кампањата да биде успешна. Притоа, посебно внимание треба да се посвети на развивање на неколку карактеристични системи и техники на рекламирање, како што се *оптимизација на пребарувањето* и системот *плати по клик* кои се дел од пребарувачкиот маркетинг. Информациите добиени од остварените резултати по пат на оптимизација на пребарувањето можат да се искористат за да се направи проценка на профитабилноста на бизнисот и со тоа да се донесе соодветна одлука за инвестирање и во платено рекламирање по пат на PPC (pay per click).

Истражувањето во трудот продолжува со развивањето маркетинг план и тактика за одреден вебсајт преку неколку битни одлуки, формулирање на цели и имплементирање низ неколку значајни чекори. Основното сознание од трудот е дека како што забрзано расте бројот на интернет корисниците, така се отвораат и нови можности за интернет огласувањето, кое се прелева низ повеќе сектори: телекомуникации, автомобилизам, козметика, храна и пијалаци. Тоа, според авторите ни малку не е необично - растот на корисниците на интернет го прави истиот во очите на повеќето медиумски професионалци, медиум со сосема доволен досег.

25. М-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, м-р Емилија Митева: Финансиската анализа како методолошки инструмент за оценка на финансиската стабилност и успешност на компаниите, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2010, ISBN 978-608-4504-23-8

Основна цел на истражување во овој труд е финансиската анализа, која според авторите претставува селекција, евалуација и интерпретација на финансиски податоци и други релевантни информации, кои овозможуваат проценка на оперативните перформанси и финансиската состојба на компанијата или индустријата. Оперативното работење на компанијата е мерка за тоа колку добро таа ги користи своите средства, како материјални, така и нематеријални, во создавање принос на инвестициските вложувања. Финансиската состојба на компанијата е мерило за нејзината способност да ги извршува обврските и да ги плаќа каматите во предвидените временски рокови. Авторите нагласуваат дека достапноста и довербата во прибраните информации за работењето на компаниите олеснува само еден аспект на финансиската анализа. Она што преостанува како предизвик според авторите е, секако, анализа на овие информации и искористување на добиените резултати на ефективен и корисен начин. Анализата на финансиските извештаи се изведува со примена на неколку различни методи. Во трудот авторите се осврнуваат на методот на хоризонтална анализа, вертикална анализа, анализата на трендот и финансиската рацио анализа.

Посебно внимание во трудот е посветено на обработка на финансиските показатели, со кои се расветлуваат неколку различни аспекти од оперативното работење и финансиската состојба на компанијата, и тоа: анализа на приносот или враќањето на инвестициите, анализа на активноста (користење на средствата) на компанијата, анализа на профитабилноста во извршување на активностите, анализа на ликвидноста, на задолженоста (финансискиот левериџ), анализа на инвестирањето во акции на компанијата и анализа на додадената економска вредност.

На крајот од трудот, авторите ја нагласува потребата од претпазливост и внимателност во користењето и интерпретацијата на финансиските показатели и земање во предид на ограничувачките фактори на овој вид финансиска анализа: лимитираноста на сметководствените податоци кои се користат во конструкцијата на финансиските показатели; селекцијата на соодветни компании кои служат како стандарди (banchmarks) за споредување; интерпретација на показателите и опасностите при предвидување на идните оперативни перформанси и финансиска состојба на компанијата, базирани на минатите трендови.

Д-р Емилија Митева-Кацарски има учествувано во реализација на **проектот „Меѓуопштински партнерства за подобрување на квалитетот на јавните услуги”.** Проектот е реализиран во Република Македонија од страна на Општина Василево во 2007 година и е финансиран од УНДП. Заради техничко усовршување, д-р Емилија Митева-Кацарски поседува неколку сертификати од реализирани обуки и тоа:

- Учество на семинар на тема „Предавање и студирање од далечина со помош на видеоконференциски системи“ во организација на Виста груп, Поликом, 2011.
- Успешно завршена обука со добиен сертификат на тема: Интегрирање на ИТ алатки во образовниот процес (Integrating IT tools in teaching process) во организација на Универзитет „Гоце Делчев” Штип и Центар за е-учење, 2011.
- Учество на работилница на тема: Linking Higher Education and Economy-Various Forms of Cooperation between Universities and Business: Best Practices, Experiences and Cases from Macedonia and Austria, Austrian Development Cooperation, 2010.
- Учество на работилница на тема: Активно учење во големи студентски групи-невозможност или предизвик? во организација на Американскиот совет во Р.Македонија и Македонско-американската алумни асоцијација, 2010.
- Учество на работилница на тема: How to integrate internships in university curriculum, BCC09, Austrian Development Cooperation, 2009.

Од 2008 година, д-р Емилија Митева-Кацарски е член на Комисијата одговорна за прием на документи и упис на студенти на Економски факултет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната досегашна активност може да се заклучи дека кандидатката д-р Емилија Митева-Кацарски поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност, располага со неопходните вештини потребни за успешна реализација на образовната и истражувачката работа и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски. Реализираното искуство во нејзината стручна област претставува своевидна предност во смисла на подобра апликација на практично стекнатите истражувачки методи во наставно-образовната и научноистражувачката работа.

Анализата на поднесените трудови за рецензија, како и севкупната научноистражувачка активност на кандидатката, покажуваат дека се работи за сериозна и исполнителна кандидатка, која ја има совладано научноистражувачката методологија и дава свој придонес во меѓународната економија. Во таа смисла, Комисијата утврди дека д-р Емилија Митева-Кацарски има објавено релевантни трудови и учествувано на домашни и меѓународни научни конференции. Од научноистражувачките трудови на кандидатката посебно се издвојува нејзината докторска дисертација под наслов „***Влијанието на нецаринскиот протекционизам врз глобалните трговски текови***“, која обработува актуелна проблематика во која се третираат исклучително значајни и досега недоволно обработени аспекти од областа на меѓународната економија со што се дава значаен придонес за македонската научна мисла во оваа област.

Кандидатката д-р Емилија Митева-Кацарски ги исполнува сите законски критериуми за избор во наставно-научното звање, во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип **да ја избере д-р Емилија Митева-Кацарски во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област меѓународна економија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф.д-р Силвана Мојсовска, претседател, с.р.**
**Проф.д-р Ристо Фотов, член, с.р.**
**Доц. д-р Искра Станчева-Гигов, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање помлад асистент | 1 | 10 | | | 10 |
| **2.** | Избор во звање асистент | 2 | 15 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Дел од монографија или научна книга (Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум 3,4) | 2 | 6 | | | 12 |
| **2.** | Прегледен труд (останати):6,7 | 2 | 5 | | | 10 |
| **3.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание (останати):5 | | | 1 | 3 | 3 |
| **4.** | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир:<br>во земјава (8,11,16)<br>во странство (9,12,13,14,15,17) | 3 | 1 | 6 | 2 | 15 |
| **5.** | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови (Годишен зборник на Економски факултет-УГД): 18,19,20,21,22,23,24 | 7 | 1 | | | 7 |
| **6.** | Одбранета докторска теза:1 | 1 | 8 | | | 8 |
| **7.** | Одбранет магистерски труд: 2 | 1 | 4 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **59** |
| **Р. Бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Речник:25 | 1 | 4 | | | 4 |
| **2.** | Стручни моногафии (во земјата):26,27 | 2 | 3 | | | 6 |
| **3.** | Учесник во научен проект **„Меѓуопштински партнерства за подобрување на квалитетот на јавните услуги”** | 1 | 5 | | | 5 |
| **4.** | ***Техничко унапредување:***<br>сертификати од реализирани обуки | 4 | 2 | | | 8 |
| **5.** | Член на факултетски орган, комисија***:***<br>Член на Уписната комисија на Економскиот факултет | 6 | 2 | | | 12 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **35** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **134** |